# Службен весник на Република Македонија

**Број 61** | **26 мај 2017, петок** | **година LXXIII**

**www.slvesnik.com.mk** | **contact@slvesnik.com.mk**


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1158. | **Правилник** за формата и содржината на прекршочниот платен налог.................................................... | **2** |
| 1159. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија..................................................... | **7** |
| 1160. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија..................................................... | **7** |
| 1161. | **Одлука** за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита-амбулантски... | **7** |
| 1162. | **Објава** за стапката на трошоците за живот и платите за месец април 2017 година................................................ | **8** |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-40** |

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1158.**

Врз основа на член 11 став (5) од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистирана дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 199/14 и 147/15), министерот за труд и социјална политика донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА**
**ПРЕКРШОЧНИОТ ПЛАТЕН НАЛОГ**

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

Член 2

Прекршочниот платен налог за работодавач-правно лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Прекршочниот платен налог за работодавач-физичко лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Прекршочниот платен налог за физичко лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Прекршочниот платен налог за одговорното лице во правно лице е отпечатен на хартија со бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог од ставот 1 на овој член се дадени во Прилог бр. 4, кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.08-2925/1
12 мај 2017 година
Скопје

Министер,
**Ибрахим Ибрахими**, с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** Прилог бр.1
**МИНИСТЕРСТВО ЗА** ____________________________________
____________________________________________
Инспекторат/инспекциска служба
Број:
Датум год. во часот
Врз основа на член 11 став (1) од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистирана дејност, инспекторот ______________________________ од подрачје ______________________________ издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за работодавач - правно лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТОДАВАЧ – ПРАВНО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ РАБОТОДАВАЧ-ПРАВНО ЛИЦЕ | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум,место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта/патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој ја издал |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 - ______________________________ ( уплатна сметка за глоба на инспекторатот) |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

______________________ М.П. ______________________________
Потпис на сторителот Инспектор

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** Прилог бр.2
**МИНИСТЕРСТВО ЗА** ________________________________
___________________________________________
Инспекторат/инспекциска служба
Број:
Датум год. во часот
Врз основа на член 11 став (1) од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистирана дејност, инспекторот ______________________________ од подрачје ______________________________ издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за работодавач - физичко лице)

| А | ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТОДАВАЧ – ФИЗИЧКО ЛИЦЕ |
|---|---|
| Назив | Даночен број |
| Седиште | Жиро сметка и деловна банка |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ КАЈ РАБОТОДАВАЧ-ФИЗИЧКО ЛИЦЕ | |
|---|---|---|
| Име и презиме | | ЕМБГ |
| Датум,место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или на привремен престој |
| Број на лична карта/патна исправа | Датум и место на издавање | Орган кој ја издал |

| В | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 - ______________________________ ( уплатна сметка за глоба на инспекторатот) |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

______________________ М.П. ______________________________
Потпис на сторителот Инспектор

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** Прилог бр.3
**МИНИСТЕРСТВО ЗА** ____________________________________
_____________________________________________
Инспекторат/инспекциска служба
Број:
Датум год. во часот
Врз основа на член 11 став (1) од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистирана дејност, инспекторот _____________________________ од подрачје _____________________________ издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за физичко лице)

| | ПОДАТОЦИ ЗА ФИЗИЧКО ЛИЦЕ |
|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме | ЕМБГ<br>Државјанин на | Број и датум на издавање на лична карта/патна исправа |
| Датум, место и држава на раѓање | Занимање | Адреса на живеалиште или привремен престој |

| Б | ПОДАТОЦИ ЗА СТОРЕНИОТ ПРЕКРШОК |
|---|---|
| Место и време на сторување на прекршокот | |
| Опис на прекршокот | |
| Правна квалификација на прекршокот | |
| Записник за сторен прекршок | |
| Износ на утврдена глоба за прекршокот | |
| Сметка за плаќање на глоба | На ПП 50 образец на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 --- _______________________________<br>( уплатна сметка за глоба на инспекторатот) |

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

_______________________ М.П. _______________________
Потпис на сторителот Инспектор

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** Прилог бр.4
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ______________________________**
______________________________________
Инспекторат/инспекциска служба
Број:
Датум год. во часот
Врз основа на член 11 став (1) од Законот за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност, инспекторот ____________________________ од подрачје _____________________________ издава

**ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**
(за одговорно лице во правното лице)

Име и презиме ______________________________________________________
Единствен матичен број на одговорното лице во правното лице ____________________________________________
Адреса______________________________________________________________________
____________________________________________________________
Број и датум на издавање на личната карта/ патна исправа ___________________________________________________________________
Податоци за правното лице,
Назив_____________________________________________________________
Седиште___________________________________________________________
Единствен Даночен број_____________________________________________
Опис на прекршокот, _______________________________________________
____________________________________________________________________
Место и време на сторување на прекршокот ______________________________
____________________________________________________________________
Правна квалификација на прекршокот____________________________________
____________________________________________________________________
Записник за сторен прекршок _________________________________________
____________________________________________________________________
да плати глоба во износ од _________ евра во денарска противвредност на образец ПП 50 на трезорска сметка 100-0000000630-95 уплатна сметка 840 - _____- ______________________________________________
( уплатна сметка за глоба на инспекторатот)

**ПРАВНА ПОУКА:** Сторителот е должен да ја плати глобата во наведениот износ во прекршочниот платен налог во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во прекршочниот платен налог и веднаш да достави доказ за извршената уплата до надлежниот инспекторат. Сторителот кој ќе ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, ќе плати само половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, инспекторот поднесува барање за поведување прекршочна постапка до надлежен суд.

____________________ М.П. ___________________________
Потпис на сторителот Инспектор

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1159.**

Врз основа на член 49 од Законот за преземање на акционерските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.69/2013, 188/2013, 166/2014, 154/2015 и 23/2016), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, на седницата одржана на ден 18.5.2017 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА ЗА УСПЕШНА понудата за преземање на акции издадени од Технокомерц АД Скопје дадена од лицето Илија Филиповски.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА преземачот од точка 1, ова решение да го објави на начин како што е објавена понудата за преземање.

3. Жалбата изјавена против ова решение не го одложува неговото извршување.

4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

УП1 Број 10-44
18 мај 2017 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

---

**1160.**

Комисијата за хартии од вредност Република Македонија врз основа на член 17 став 3 од Законот за инвестициони фондови („Службен весник на РМ“ бр. 12/2009, 67/2010, 24/2011, 188/2013, 145/2015 и 23/2016) и Правилникот за формата и содржината на барањето за давање согласност на статутот на инвестицискиот фонд и неговите измени и дополнувања („Службен весник на РМ“ бр.182 /2016), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје број 03-1750/1/17 од 25.4.2017 година, на седницата одржана на ден 18.5.2017 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ДАВА согласност на одлуката број ОДУ 584/2017 од 19.4.2017 година за измени на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје, донесена на Собранието на акционери на друштвото.

2. СЕ ЗАДОЛЖУВА Друштвото за управување со инвестициски фондови КБ Публикум Инвест АД Скопје да изготви пречистен текст на Статутот на друштвото.

3. Ова решение ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01 УП 08-59
18 мај 2017 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**1161.**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 во врска со член 54 став 1 точка 8 на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016 и 142/2016), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на 26 април 2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА - АМБУЛАНТСКИ**

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативна здравствена заштита – амбулантски („Службен весник на Република Македонија” број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011, 138/2012, 88/2013, 10/2014, 47/2014, 98/2014, 138/2014, 156/2014, 17/2015, 42/2015 и 107/2016), во членот 2, во табелата по поднаслов – РАДИОДИЈАГНОСТИКА, се додава нов поднаслов ПОЗИТРОН-ЕМИСИОНА ТОМОГРАФИЈА – ПЕТ СКЕН и се додава следната табела:

| Шифра | НАЗИВ НА ПАКЕТОТ НА ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ | Референтна цена |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| ПЕТ011 | Специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за дијагностика со флуор-18 - ФДГ (18F-FDG) | 42.641,00 |
| ПЕТ012 | Контролен специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за следење на терапија со флуор-18 - ФДГ ($^{18}$F-FDG) | 42.641,00 |
| ПЕТ013 | Специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за планирање на терапија со флуор-18 - ФДГ ($^{18}$F-FDG) | 42.641,00 |
| ПЕТ021 | Специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за дијагностика со јаглерод -11 - холин (11C- Choline) | 51.421,00 |
| ПЕТ022 | Контролен специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за следење на терапија со јаглерод -11 - холин (11C- Choline) | 51.421,00 |
| ПЕТ023 | Специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за планирање на терапија со јаглерод -11 - холин (11C- Choline) | 51.421,00 |
| ПЕТ031 | Специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за дијагностика со флуор - 18 - натриум флуорид (18F- NaF) | 37.041,00 |
| ПЕТ032 | Контролен специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за следење на терапија со 18 - натриум флуорид (18F- NaF) | 37.041,00 |
| ПЕТ033 | Специјалистичко-дијагностички ПЕТ/КТ метаболно функционални пакет за планирање на терапија со 18 - натриум флуорид (18F- NaF) | 37.041,00 |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила на денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-6629/2 Управен одбор

3 мај 2017 година
Скопје

Претседател,
**Ангел Митевски,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**1162.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец април 2017 година, во однос на месец март 2017 година, е повисока за 0,5%.
2. Правото на пораст на платите за месец април 2017 година, во однос на месец март 2017 година, за работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, изнесува 0,25%.

Министер,
**Ибрахим Ибрахими,** с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. - Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – Лука Кржалоски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2017 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2017061